**Известување за концентрација**
**со која друштвото Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о. ќе стекне самостојна контрола над работењето на трговското друштво ФМЦ, Системски Интегратор д.о.о.**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 10.09.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација, бр.08-77, со која друштвото **Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о.** (Telemach, širokopasovne komunikacije, d.o.o.), со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана – Чрнуче, Словенија ќе се стекне со самостојна контрола над работењето на трговското друштво **ФМЦ, Системски Интегратор д.о.о.** (FMC, Sistemski Integrator d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Леталишка улица 32, 1000 Љубљана, Словенија.

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Телемах, широкопојасна комуникација, д.о.о.** е друштво со ограничена одговорност во приватна сопственост. Друштвото е под крајна контрола на фондови кои се советувани од БЦ Партнерс ЛЛП, меѓународен приватен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ Партнерс планира, преку Телемах, индиректно, да стекне самостојна контрола над работењето на трговското друштво ФМЦ, Системски Интегратор д.о.о., односно над дата центар сегментот од работењето на наведеното друштво (во понатамошниот текст: „**Целно работење**“.

**БЦ Партнерс ЛЛП**, меѓународен приватен инвестициски фонд со седиште во Лондон има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- **Тотал ТВ ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа и
- **ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, а кое се бави со маркетиншки дејности.

**ФМЦ, Системски Интегратор д.о.о.** е сопственик на Целното работење кое ги претставува ресурсите (вклучувајќи имот, вработени, одговорности и други елементи) на друштвото кои се неопходни и способни за управување на дата центарот (вклучувајќи и одржување) на самостојна (анг. *stand-alone*) основа. Целното работење нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија – Целното работење е исклучиво активно во Република Словенија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

19.09.2019 година
Скопје